Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 04-150/44
21. 01. 2021 20___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18 ) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19 и 267/20), а во врска со објавениот оглас бр.1/2021, Државниот секретар донесе:

# О Д Л У К А
## за невршење на избор на кандидат за вработување по пат на јавен оглас на определено време

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидатот Мимоза Манасиевска за работното место Соработник за оценување и стручно оспособување, Одделение за управување со човечки ресурси – 1 извршител по јавен Оглас бр. 1/2021 за вработување на лица на определено време, во Министерството за животна средина и просторно планирање.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

По барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 12.01.2021 година беше објавен јавен оглас под број 1/2021 година за потребата од вработување на 14 (четиринаесет) извршители на определено време во весниците „Слободен печат" и „Lajm" меѓу кои и за работно место Соработник за оценување и стручно оспособување, Одделение за управување со човечки ресурси – 1 извршител. Работното место е систематизирано со Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање и не е пополнето.
Комисијата за селекција формирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, во функција на спроведување на постапката за вработување на лица за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, во Министерството за животна средина и просторно планирање спроведе постапка што е констатирано на записник од административна селекција бр.04-150/22 од 18.01.2021. По завршената постапка за селекција за ангажирање на лицата на определено време констатирано е дека Мимоза Манасиевска не ги исполнува условите затоа што нема работно искуство во струката за тоа работно место.
Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.
**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од (8)осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Министерството за животна средина и просторно планирање до Државната **комисија за одлучување** во управна постапка и постапка за работен однос од **втор степен**.

Државен секретар
Каја Шукова